**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# К О Н К У Р С

**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ**
**НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2013/2014 ГОДИНА**

Битола, јули 2013 година

Врз основа на член 57 алинеа 2, во врска со член 87, 95 и 108 став 11 од Законот за високото образование, член 150 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола и член 12 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола и врз основа на Одлуките на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола бр.07-518/3 од 17.04.2013 година и бр.07-900/3 од 03.07.2013 година и Одлуката на Владата на Република Македонија за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, Државниот универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле" во Охрид во академската 2013/2014, Бр.41-4052/1 од 16.06.2013 година, („Службен весник на РМ" бр.88/2013), Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола објавува:

# К О Н К У Р С
# ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА ВО АКАДЕМСКАТА 2013/2014 ГОДИНА

## I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ

На високообразовните единици на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, во прва година на втор циклус студии во академската 2013/2014 година, ќе се запишат следниов број студенти:

| Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола | | број на студенти | износ за кофинансирање по семестар (ЕУР) | времетраење на студиите |
|---|---|---|---|---|
| **СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ВТОР ЦИКЛУС УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ** | | | | |
| **ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА** | | **185** | **500/600/800** | **едногодишни/ двегодишни** |
| Машинство | | 20 | 500 | едногодишни |
| Индустриски менаџмент | | 10 | 500 | едногодишни |
| Сообраќајно-транспортно инженерство | Патен сообраќај и транспорт | 10 | 600 | едногодишни |
| | Патен сообраќај и транспорт (модул на англиски јазик) | 10 | 800 | |
| | Воздушен сообраќај и транспорт | 10 | 600 | |
| | Воздушен сообраќај и транспорт (модул на англиски јазик) | 10 | 800 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Графичко инженерство | 10 | 500 | едногодишни |
| Електротехника | 10 | 500 | едногодишни |
| Инженерство за заштита на животната и работна средина | 10 | 500 | едногодишни |
| Информатика и компјутерска техника | 50 | 500 | двегодишни |
| Информатика и компјутерска техника (програма на англиски јазик) | 15 | 800 | двегодишни |
| Мехатроника | 10 | 500 | двегодишни |
| Мехатроника (програма на англиски јазик) | 10 | 800 | двегодишни |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП** | **370** | **350/450** | **едногодишни/ двегодишни** |
| Маркетинг менаџмент | 40 | 450 | едногодишни |
| Меѓународна економија и бизнис | 35 | 450 | едногодишни |
| Сметководство, финансии и ревизија | 60 | 450 | едногодишни |
| Бизнис информатика | 10 | 350 | двегодишни |
| Бизнис администрација - менаџмент | 30 | 350 | двегодишни |
| Е-бизнис | 40 | 450 | едногодишни |
| Финансиски менаџмент | 35 | 350 | двегодишни |
| Банкарство** | 40 | 450 | едногодишни |
| Менаџмент** | 40 | 450 | едногодишни |
| Иновациски и проектен менаџмент** | 40 | 450 | едногодишни |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО - ОХРИД** | **245** | **300/450/500** | **едногодишни /двегодишни** |
| Туризам | 30 | 300 | двегодишни |
| Осигурување | 30 | 300 | двегодишни |
| Царина и шпедиција | 30 | 300 | двегодишни |
| Безбедност и финансиска контрола (заедничка студиска програма со Факултетот за безбедност - Скопје) | 40 | 450 | двегодишни |
| Туризам** | 40 | 450 | едногодишни |
| Осигурување** | 40 | 450 | едногодишни |
| Гастрономија, исхрана и диететика* | 10 | 300 | двегодишни |
| Менаџмент на одржлив развој во туризмот (програма на англиски јазик)* | 25 | 500 | двегодишни |
| **ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА** | **73** | **600** | **едногодишни** |
| Македонски јазик | 7 | 600 | едногодишни |
| Англиски јазик | 10 | 600 | едногодишни |
| Германски јазик | 7 | 600 | едногодишни |
| Методика во одделенска настава | 9 | 600 | едногодишни |
| Методика во предучилишното воспитание | 6 | 600 | едногодишни |
| Менаџмент во образованието | 10 | 600 | едногодишни |
| Образование на надарените и талентираните | 8 | 600 | едногодишни |
| Односи со јавноста | 8 | 600 | едногодишни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Теорија на поучување | 8 | 600 | едногодишни |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И МЕНАЏМЕНТ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ - БИТОЛА** | **90** | **450** | **едногодишни /двегодишни** |
| Јавна администрација | 5 | 450 | двегодишни |
| Менаџмент на информациски системи | 15 | 450 | двегодишни |
| Инженерство и менаџмент на софтверски апликации | 15 | 450 | двегодишни |
| Администрирање со јавни политики | 10 | 450 | двегодишни |
| Европски интеграции и менаџирање на Европски проекти | 10 | 450 | едногодишни |
| Информациски системи во здравството | 5 | 450 | двегодишни |
| Студии по менаџмент на оперативно работење | 15 | 450 | едногодишни |
| Организациски менаџмент** | 15 | 450 | едногодишни |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ – БИТОЛА** | **85** | **300/400** | **едногодишни / двегодишни** |
| Преработка на анимални производи | 20 | 400 | едногодишни |
| Фармерско производство | 5 | 300 | двегодишни |
| Менаџмент во биотехниката | 20 | 400 | едногодишни |
| Квалитет и безбедност на храна од животинско потекло | 20 | 400 | едногодишни |
| Фармерство и агробизнис | 10 | 300 | двегодишни |
| Фармерство и агротуризам | 10 | 300 | двегодишни |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ** | **190** | **450/550/800** | **едногодишни / двегодишни** |
| Криминалистика | 40 | 550 | едногодишни |
| Меѓународна безбедност | 40 | 550 | едногодишни |
| Форензички науки* | 40 | 800 | едногодишни |
| Безбедност и финансиска контрола (заедничка студиска програма со Факултетот за туризам и угостителство – Охрид) | 70 | 450 | двегодишни |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО со дисперзирани студии во БИТОЛА** | **200** | **500** | **едногодишни** |
| Деловно право – Кичево | 40 | 500 | едногодишни |
| Меѓународно право – Кичево | 20 | 500 | едногодишни |
| Казнено право – Кичево** | 20 | 500 | едногодишни |
| Деловно право – Битола | 60 | 500 | едногодишни |
| Меѓународно право – Битола | 30 | 500 | едногодишни |
| Казнено право – Битола** | 30 | 500 | едногодишни |
| **ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ - ВЕЛЕС** | **75** | **500/600/900** | **едногодишни / двегодишни** |
| Нутриционизам | 25 | 900 | едногодишни |
| Нутриционизам | 25 | 600 | двегодишни |
| Управување со квалитет и безбедност на храна | 25 | 500 | едногодишни |
| **НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН - ПРИЛЕП** | **30** | **300** | **едногодишни/ двегодишни** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Производство на тутун | 10 | 300 | едногодишни |
| Производство на тутун | 10 | 300 | двегодишни |
| Обработка и преработка на тутун | 5 | 300 | едногодишни |
| Обработка и преработка на тутун | 5 | 300 | двегодишни |
| **ВКУПНО (универзитетски студии)** | **1543** | | |
| **СТУДИСКИ ПРОГРАМИ НА ВТОР ЦИКЛУС СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТРУЧНИ СТУДИИ** | | | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ – БИТОЛА** | **20** | **400** | **едногодишни** |
| Фармерско производство | 20 | 400 | едногодишни |
| **ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА – БИТОЛА*** ** | **150** | **400** | **едногодишни** |
| **Студии за медицинска сестра/медицински техничар** | | | |
| Специјализација за интензивна нега | 10 | 400 | едногодишни |
| Специјализација за геронтологија со палијативна грижа | 10 | 400 | едногодишни |
| Специјализација за ментално здравје | 10 | 400 | едногодишни |
| Специјализација за семејна и патронажна грижа | 10 | 400 | едногодишни |
| Специјализација за инструментарка | 10 | 400 | едногодишни |
| **Студии за физиотерапевти** | | | |
| Специјализација за рехабилитација во неврологија | 10 | 400 | едногодишни |
| Специјализација за рехабилитација во психијатрија | 10 | 400 | едногодишни |
| Специјализација за рехабилитација во детска возраст | 10 | 400 | едногодишни |
| Специјализација за рехабилитација во домашни услови | 10 | 400 | едногодишни |
| Специјализација за рехабилитација во хирургија, травматологија и ортопедија | 10 | 400 | едногодишни |
| **Студии за медицинско лабораториски аналитичари** | | | |
| Специјализација за биохемиски анализи | 10 | 400 | едногодишни |
| Специјализација за микробиолошки анализи | 10 | 400 | едногодишни |
| Специјализација за санитарна екологија | 10 | 400 | едногодишни |
| **Студии за акушерки** | | | |
| Специјализација за перинатална грижа | 10 | 400 | едногодишни |
| Специјализација за примарна здравствена заштита | 10 | 400 | едногодишни |
| **ВКУПНО (Специјалистички стручни студии)** | **170** | | |
| **УНИВЕРЗИТЕТ ВКУПНО** | **1713** | | |

*Во тек е постапка на акредитација
**Акредитирана студиска програма за којашто се очекува добивање Решение за почеток со работа
***За кандидати кои завршиле прв циклус стручни студии

**II. Услови и критериуми за конкурирање и запишување**

На студиските програми од втор циклус студии можат да се запишат кандидати што завршиле академски (универзитетски) студии од прв циклус, односно стручни студии од прв циклус (додипломски студии) и ги исполнуваат условите предвидени со Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот, Правилникот за условите, критериумите

и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола и Конкурсот за упис.
На втор циклус академски студии во времетраење од една година (60 европски кредити) може да се запише лице кое завршило прв циклус академски студии во траење од четири години (240 европски кредити).
На втор циклус академски студии во времетраење од две години (120 европски кредити) може да се запише лице кое завршило прв циклус академски студии во траење од три години (180 европски кредити).
На втор циклус академски студии кои траат две години, можат да се пријават и запишат кандидати со завршени четиригодишни универзитетски (додипломски) студии според студиски програми до денот на влегување во сила на Законот за високо образование и тоа на иста или слична студиска програма во рамките на научното поле. На овие студенти, можат да им се признаат најмногу 60 европски кредити, пришто на студентите кои претходно завршиле на иста студиска програма на додипломски студии, по правило, би им се признале повеќе европски кредити во однос на оние студенти кои дипломирале на слична студиска програма во рамките на соодветното научно поле, но најмногу до 60 европски кредити.
На втор циклус академски студии не може да се запише лице со завршен прв циклус стручни студии.
На втор циклус стручни студии (специјалистички студии) може да се запише лице кое завршило прв циклус стручни или академски студии со времетраење од најмалку три години (180 европски кредити).
Секоја единица утврдува кои студиски програми се соодветни или сродни и дали кандидатите ги исполнуваат другите услови предвидени со студиските програми за организирање втор циклус студии на соодветниот факултет, а исто така ги утврдува и дополнителните услови за упис и го спроведува пријавувањето, рангирањето и запишувањето на кандидатите. Секоја единица на Универзитетот, најдоцна 10 дена по објавувањето на Конкурсот, има обврска информацијата за сродноста односно соодветноста на студиските програми да ја објави на својата огласна табла и веб страна.
Доколку кандидатите не се примени на студиската програма на којашто конкурирале, тие можат во истиот уписен рок да се запишат на друга студиска програма на која има слободни места по нивен избор во рамките на истата високообразовна единица.
Износот на надоместокот за кофинансирање на студиите е изразен во евра по семестар, а се пресметува и плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ на денот на плаќањето.
Сите други наставно-научни, правно-административни и финансиски аспекти поврзани со реализацијата на студиските програми од втор циклус се регулирани со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

## III. Спроведување на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии

Одлуката за прием и постапката за запишување на кандидатите во втор циклус студии ја спроведуваат **наставничките совети за втор циклус студии** на единиците на Универзитетот. За реализација на Конкурсот, наставничките совети за втор циклус студии формираат конкурсни комисии составени од три члена.
Ранг-листата на примените кандидати се објавува на огласната табла на единицата на Универзитетот, како и на интернет страницата на високо-образовната единица.
Кандидатот којшто смета дека постапката не е правилно спроведена, има право на приговор до Деканската управа, односно Научниот совет на единицата на УКЛО во рок од 24 часа од денот на објавувањето на резултатите.

Одлука по приговорот треба да се донесе најдоцна во рок од 72 часа од поднесувањето на приговорот и таа одлука е конечна.
Наставничкиот совет за вториот циклус му поднесува на Наставно-научниот совет, односно Научниот совет на единицата на Универзитетот конечен извештај за резултатите од запишувањето на студиските програми од втор циклус.
**На секоја студиска програма пет проценти (5%) од запишаните најдобро рангирани студенти во академската 2013/2014 година ќе бидат ослободени од плаќање кофинансирање.**
**Високообразовната единица донесува одлука за минималниот број запишани студенти со цел да се овозможи отпочнување со работа на студиските програми.**
**Високообразовната единица ќе спроведе претходна проверка на нивото на познавање на англискиот јазик за пријавените кандидати за студиските програми што ќе се реализираат на англиски јазик.**

## IV. Рокови за пријавување и запишување

- ***Прв уписен рок***
  Пријавување: од 15.08 до 06.09.2013 година
  Запишување: 12 и 13.09.2013 година
- ***Втор уписен рок***
  Пријавување: од 23.09 до 04.10.2013 година
  Запишување: 14 и 15.10.2013 година
- ***Трет уписен рок:***
  Пријавување: од 21.10 до 31.10.2013 година
  Запишување: 07 и 08.11.2013 година

По потреба, Универзитетот ќе спроведе и дополнителен уписен рок.

## V. Документи за пријавување

При пријавувањето, на соодветната единица кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

- Пријавен лист за запишување
- Диплома или Уверение за завршени додипломски, односно прв циклус студии (кандидатите кои завршиле во странство доставуваат нострифицирана странска Диплома)
- Кратка биографија (CV)
- Уверение за државјанство
- други документи по барање на единицата.

## V. Документи за запишување

При запишувањето, примените кандидати поднесуваат и:

- Индекс и Пријавни листови
- 2 фотографии (3,5 x 4,5 на бела позадина)
- Потврда за уплатен износ за кофинансирање за првиот семестар.

**Забелешка:**

Подетални информации за условите за запишување на секоја од понудените студиски програми и за содржината и начинот на реаллизирање на вториот циклус на студии, кандидатите може да добијат на веб страницата на Универзитетот или на веб страниците на соодветните високообразовни единици во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

| **www.uklo.edu.mk** |
|---|